Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-614/1
Датум: 11-09-2024

Врз основа на член 21 став (1) точка 15 и точка 22, а во врска со член 23 став (4) од Закон за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258 од 30.10.2020 година), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на седницата одржана на 03.09.2024 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА по службена должност против Министерството за образование и наука за утврдување индиректна дискриминација во пристапот до задолжително основно образование врз основ на попреченост .

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 02.09.2024 година во вестите на Телевизија 24 и на најзиниот веб портал www.24.mk ја забележа веста со наслов "Школската година почна без образовни и лични асистенти, родителите револтирани, министерката смирува", која може да се најде на следниот линк: https://24.mk/details/shkolskata-godina-pochna-bez-obrazovni-i-lichni-asistenti-roditelite-revoltirani-ministerkata-smiruva

Во истата се вели дека првиот училишен ден започнува за сите ученици, освен за децата кои имаат потреба од образовни или лични асистенти. „Школската година започна, но асистенти нема, тврдат револтирани родители на деца со посебни потреби, а причина е како што коментираат, доцна распишаниот оглас". Согласно објавената вест, еден родител, татко на дете со аутистичен спектар , вели „и со образовни асистенти животот на овие деца е тежок, но без нив уште потежок". Тој прашува зошто административните процедури не се завршени порано, за да може и за овие деца училишната година да започне на 2 ри Септември.

Имено, согласно член 4 став (2) од „Правилникот за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент", Општинските основни училишта барањата за обезбедување на образовен/личен асистент до основните училишта со ресурсен центар, за учениците од второ до деветто одделение, ги доставуваат до месец март, а за учениците кои се запишани во 1во одделение во првата половина од месец јуни од тековната година, за наредната учебна година. Основното училиште со ресурсен центар побарувањата за образовен/личен асистент за неговиот реон, ги доставува до МОН,во рок од 15 дена од приемот на барањата, за добивање на согласност од МОН и МФ.

Согласно наведеното, како и фактот дека во конкретниот случај засегнати се поголем број ученици, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на седницата одржана на 03.09.2024, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Скопје,
03.09.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски